**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
www.mrt.com.mk

Врз основа на член 124 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) и член 37 став 1 точка 10 од Статутот на ЈРП МРТ Програмскиот совет на МРТ на својата 124-та седница,одржана на ден 11.11.2020 година, донесе

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Бр 01-4981/2
13 11 2020 год.
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛНИК
**за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија**

**Предмет на уредување**

Член 1

(1) Со овој Правилник се уредува постапката за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизја (во натамошниот текст: МРТ).

(2) За постапките за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица се применува Законот за работни односи и Законот за вработени во јавниот сектор.

**Пополнување на работни места на даватели на услуги и помошно – технички лица**

Член 2

(1) Пополнувањето на работните места на даватели на услуги и помошно – технички лица во МРТ се врши преку спроведување на постапка за:
- вработување;
- унапредување; и
- мобилност преку распоредување или превземање.

(2) Вработувањето од став (1) алинеја 1 на овој член се врши преку објавување на јавен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, се избира најстручниот и најкомпетентниот кандидат за работното место што се пополнува.

(3) Унапредувањето од став (1) алинеја 2 на овој член се врши преку објавување на интерен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, во која врз основа на оценката за учинокот, стручноста и компетентноста на кандидатите, се избира најдобриот кандидат за работното место од редот на вработените во институцијата.

(4) Мобилноста од став (1) алинеја 3 на овој член се врши преку распоредување на вработениот на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое вработениот ги исполнува општите и посебните услови утврдени во актот на систематизација на работни места во МРТ, согласно потребите на МРТ, или преку превземање, со согласност на вработените во случај на мобилност со превземање.

**Комисија за селекција и јавен оглас**

Член 3

(1) За вработување на даватели на услуги и помошно – технички лица во МРТ, Директорот формира Комисија за селекција, составена од претседател и два члена од редот на вработените во ЈРП МРТ, од кои еден задолжително да биде од организациската единица за управување со човечки ресурси, како и нивни заменици.

(2) Вработувањето на даватели на услуги и помошно – технички лица во МРТ се врши по пат на јавен оглас.

(3) Јавниот оглас за вработување се објавува на веб страница на МРТ, како и во најмалку три дневни весници, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) Во јавниот оглас се назначува називот на институцијата, називот и описот на работното место.

(5) Рокот за пријавување на јавниот оглас од ставот (1) на овој член не може да биде пократок од 15 дена од денот на објавувањето во дневните весници."

**Постапка за вработување**

Член 4

(1) Постапката за вработување на даватели на услуги и помошно – технички лица во МРТ се состои најмалку од административна селекција и интервју, а со одлука на Комисијата за селекција може да се спроведе и друг начин на практична проверка на знаењето, во зависност од природата на работното место.

(2) Административната селекција се состои од проверка на исполнувањето на условите наведени во јавниот оглас.

(3) За кандидатите за кои во текот на административната селекција е утврдено дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас или не ги доставиле потребните докази, постапката за селекција завршува.

(4) Заради дополнителна проверка на компетенциите на кандидатите, може да се организира тестирање, за што Комисијата за селекција е должна да ги извести кандидатите на денот на завршување на административната селекција, со податоци за содржината и формата на тестирањето.

(5) Комисијата за селекција спроведува интервју со сите кандидати кои ја поминале административната селекција и тестирањето, доколку било спроведено.

(6) По завршување на интервјуто, Комисијата за селекција подготвува конечна ранг листа на кандидати и ја доставува до Директорот на МРТ.

(7) Директорот на МРТ е должен да донесе одлука за избор за најдобро рангираниот кандидат.

(8) Одлуката за избор се објавува на веб страната на МРТ.

(9) Против одлуката за избор незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена да поднесе жалба до Програмскиот совет кој одлучува во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на жалбата.

**Постапка за унапредување**

Член 5

(1) Директорот на МРТ, формира Комисија за селекција за унапредување, составена од претседател и два члена од редот на вработените во ЈРП МРТ, од кои еден задолжително да биде од организациската единица за управување со човечки ресурси, како и нивни заменици.

(2) Постапката на унапредување има за цел да им овозможи на вработените во МРТ кариерно напредување, односно преминување од пониски, на повисоки работни места.

(3) За отпочнување постапка на унапредување на вработен во МРТ, Директорот доставува барање за отпочнување постапка на унапредување на вработен до организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси. Во барањето се назначува нивото и описот на работното место кое се предлага за пополнување.

(4) Организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси, на огласната табла на МРТ и веб страницата на МРТ, објавува интерен оглас и образец за пријава за унапредување.

(5) На интерниот оглас може да се јави вработен во МРТ, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветно ниво во Правилникот за систематизација на работни места во МРТ како и:

- да е на работно место на пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на работно место во МРТ; ида не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

(6) Кандидатите за унапредување се пријавуваат на интерниот оглас со поднесување на пополнета пријава, која е составен дел на овој Правилник, и докази за податоците содржани во пријавата, преку Архивата на МРТ до организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси.

(7) Рокот за пријавување на интерниот оглас не може да биде пократок од 3 (три) дена, односно подолг од 10 (десет) дена од денот на неговото објавување.

(8) Пријавата содржи име и презиме, тековно работно место, ниво и работно искуство на пријавениот кандидат.

(9) Постапката за селекција за унапредување се состои од две фази: административна селекција и интервју.

(10) Административната селекција се состои од проверка на исполнетоста на условите за унапредување од став (5) на овој член. Комисијата за селекција во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот за пријавување на кандидадите ги разгледува пријавите за унапредување со доставените докази и другите потребни докази,со цел да се направи проверка дали кандидатите ги исполнуваат условите за унапредување.

(11) За кандидатите за кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, постапката за селекција завршува.

(12) По завршување на селекцијата, Комисијата составува записник,кон кој за секое различно работно место се приложува:

-список со име и презиме на неуредни и уредни кандидати и причина за неуредност на кандидатите;

-име и презиме на секој од уредните кандидати и

-листа на кандидати кои продолжуваат на интервјуто

-ден и час на одржување на интрвјуто.

За денот, часот и местото на одржување на интервјуто, кандидадите се известуваат електронски.

(13) Во рок од 5 (пет) дена по административната селекција Комисијата спроведува интервју со кандидатите кои ја поминале административната селекција.

На интервјуто може да се поставуваат прашања во усна или писмена форма или комбинација од двете.

Интервјуто го води Претседателот на Комисијата кој обезбедува еднаков и фер однос кон сите кандидати. По завршување на интервјуто, Комисијата составува записник во кој е содржан список на кандидати со кои е спроведено интервју и освоени бодови од интервјуто.

(14) Врз основа на бодовите од интервјуто, комисијата составува финална ранг листа и му го предлага прворангираниот кандидат на Директорот на МРТ.

(15) Во рок од 3 (три) дена од добивањето на предлогот Директорот на МРТ донесува одлука за избор, која се доставува до кандидатите за унапредување и се објавува на веб страницата и на огласна табла на МРТ.

(16) Против одлуката на Директорот, незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена да поднесе жалба до Програмскиот совет кој одлучува во рок од 8(осум) дена од денот на приемот на жалбата.

(17) Во рок од 5 (пет) дена по конечноста на одлуката се склучува договор за вработување на повисокото работно место со унапредениот кандидат.

**Мобилност преку распоредување на вработените во МРТ**

Член 6

(1) Мобилноста преку распоредување е хоризонтално движење на вработените во МРТ од едно на друго работно место во рамките на исто ниво или на работно место за кое вработените ги исполнуваат општите и посебните услови утврдени со актот за систематизација на МРТ.

(2) Вработениот во МРТ, на негово барање или по потреба на МРТ може да биде трајно или времено распореден на друго работно место на исто ниво, или на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во Правилникот за систематизација на работни места, за што Директорот на МРТ носи Решение за негово распоредување во МРТ и се склучува анекс на договор.

(3) Вработениот во МРТ по потреба на МРТ, може да биде распореден на секое работно место во исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува условите во следните случаи:

- поради настанати организациски промени;
- ако претстои укинување на работното место, или е намален обемот на работите на работното место;
- во случаи за подобра организација на работа, или користење на стручната и работната способност на вработениот во МРТ;
- за замена на отсутен вработен во МРТ за работи кои се од интерес за МРТ, до неговото враќање на работа;
- кога се очекува дека со распоредувањето на друго работно место вработениот ќе оствари подобри резултати:
- заради замена на ненадејно отсутен вработен во МРТ; и
- во други законски оправдани случаи кога тоа е во интерес за работниот процес во МРТ.

(4) Доколку нема намалување на платата вработениот е должен да го прифати распоредувањето.

(5) Мобилноста преку распоредување се врши без објавување на интерен, односно јавен оглас.

**Мобилност преку превземање**

Член 7

Постапката за мобилност преку превземање во МРТ задолжително се спроведува во согласност со одредбите на Законот за вработените во јавниот сектор.

**Преодни и завршни одредби**

Член 8

Составен дел на овој Правилник е Пријавата по интерен оглас во ЈРП Македонска Радиотелевизија.

Член 9

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на начин и постапка утврдена за неговото донесување.

Член 10

Надзор над правилното спорведување на одредбите на овој Правилник врши Директорот на МРТ.

Член 11

Овој Правилник влегува во сила на 3-от ден од денот на објавување на Огласна табла на МРТ.

Изготвил И.Тримчески

Одобрил Г.Атанасов

ЈРП

Македонска Радио Телевизија

Програмски совет

проф.д-р.Смилка Јанеска Саркањац

претседател